СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-1324/2

30.04.2025 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 48-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 30.04.2025 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Абдула Сејдини, Фортеса Сејдини, Рамазан Зулбеари, Миѓен Зендели, Неџби Дервиши, Валбона Адили Емини и Ќамер Клоси.

Отсутни беа советниците: Сибел Туфекџи и Арѓент Асани.

На седницата беа присутни и: Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Емилија Петкоска, Сабедин Емини и Фисник Фејза -претставници од општинската администрација, директорот на Работнички универзитет „Крсте Мисирков“, директорот на Југозападен плански регион, ВД Директорот на ООУ„Кузман Јосифоски Питу“, директорот на ООУ „Д-р. Владимир Полежиноски“, директорот на ОУ„ Санде Штерјоски, директорот на ЦОУ„ Христо Узунов“, директорот на ООУ„ Ѓ.К.Скендербеу“ с. Србица, директорот на ООУ„ Ѓ.К.Скендербеу“, директорот на ЦОУ„ Милто Гура“, директорот на ЦОУ„ Наим Фрашери“,

директорот на ОУ„ Фаик Коница“, директорот на ОУ„Реџо Рушити“, ВД Директорот на ОСУ „Мирко Милески“ и директорот на ООУ „Милто Гура“. На седницата присуствуваше и новинар од ТВ„Ускана“.

Претседателот на советот го стави на усвојување Записникот од одржаната 46-та седница на Советот на Општина Кичево, одржана на 13.03.2025 г. и истиот се усвои со 20 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, Претседателот на советот го стави на усвојување записникот од 47-та седница на Советот на Општина Кичево, одржана на 21.03.2025 г. и истиот се усвои со 20 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

За оваа седница **Претседателот на советот** го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Предлог Одлука за измена и дополна на Буџетот на Општина Кичево за 2025 година.

2.Усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Кичево за 2025 година за првиот квартал од 01.01.2025 до 31.03. 2025.

3.Предлог Одлука за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина), за субјекти избришани од евиденција на Централен регистар.

4. Предлог Одлука за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2025-2026 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево.

5. Предлог Одлука за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2024-2025 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево.

6. Предлог Одлука за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2023-2024 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево.

7. Предлог Одлука за вршење на траен отпис на данок на имот на физички и правни лица.

8.Усвојување на годишниот извештај за реализација на Програма за развој на Југозападен плански регион и Годишните сметки за 2024 г.

9. Предлог Одлука за плаќање за котизација.

10.Предлог измена на Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ „Кузман Јосифоски Питу“ Кичево.

11.Усвојување на Извештај за работа за 2024 г. на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево.

12. Предлог Одлука за давање на согласност на прочистерн текст на Статут на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево.

13. Предлог измена и дополна на Годишен план за вработување за 2025 година на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево.

14.Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ОСУ „Мирко Милески“ Кичево.

15. Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ОУ „Д-Р Владимир Полежиноски“ Кичево.

16.Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ОУ „Санде Штерјоски“ Кичево.

17. Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ЦОУ „Наим Фрашери“ Јагол Доленци.

18. Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ОУ „Фаик Коница“ Грешница.

19. Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ЦОУ „Реџо Рушит Зајази“ Зајас.

20. Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ООУ „Христо Узунов“ Другово.

21. Предлог Решение за именување на членови во училишниот одбор на ОУ „Ѓерг Кастриоти Скендербег“ Србица.

22. Предлог Заклучок за давање на позитивно мислење на Програмата за ученички екскурзии, настава во природа, зимски и летни школи на ЦОУ„Кузман Јосифоски Питу“ Кичево.

23. Предлог Одлука за давање на согласност за поднесеување на Предлог за експропријација (за КПбр.4989/2, дел од КП бр.4991/5 и дел од КП бр.4996/5 и Предлог за одземање на кориснички права (на дел од КП бр.4988/7) сите за КО Кичево 9.

24. Предлог Локална стратегија за млади на Општина Кичево 2025-2029 г.

25. Предлог Одлука за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 19 и ГП 20 од ДУП за „Девеана“, УЕ „Д“, Блок „Д7„-дел, Општина Кичево.

26. Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ООУ „Милто Гура“ Стрелци.

27. Предлог Правилник за доделување на потврда/ваучер за купување и вградување високоефикасни клима уреди во домаќинствата за 2025 година.
28.Разно.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред и истиот се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на Буџетот на Општина Кичево за 2025 година

**Бурим Кадриу**-Информира дека се работи за проширувањето на средствата во основниот буџетот и донациите. Кај основниот буџет имало зголемување од околу 6 милиони со зголемување од ДДВ и тие биле распоредени во подставки. Кај донациите имало зголемување од 1 милион и 400.000 илјади денари.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена и дополна на Буџетот на Општина Кичево за 2025 година и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2. ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Кичево за 2025 година за првиот квартал од 01.01.2025 до 31.03. 2025

**Бурим Кадриу**- Информира дека овој извештај е за првиот квартал на буџетот за 2025 г.. Приходите имаат реализација од 20,17% и во однос на лани во истиот период била помала за 0,92%. Кај расходите имало реализација од 19,72% и таа била најмногу за плати и надоместоци за плати. Обврските на општината биле намалени за 18 милиони во однос на истиот периот од минатата година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Кичево за 2025 година за првиот квартал од 01.01.2025 до 31.03. 2025 и истиот се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3. ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина), за субјекти избришани од евиденција на Централен регистар

**Бурим Кадриу-** Информира дека секоја година па и оваа се предлага до советот да се врши отпис на фирмарина. Се работело за 139 субјекти кои не постоеле во Централен регистар, а данокот кој score неможел да се собере бил над три милиони и затоа се предлагало да се изврши траен отпис.

**Михајло Данилоски**- Праша дали од страна на општината било направено се за да се наплати долгот на тие 139 фирми.

**Бурим Кадриу**- Информира дека општината се труди да се наплати долгот, но сепак дел од тие фирми биле во фаза на постапка за ликвидација, а дел биле затворени. Дел од фирмите биле опоменати, а со дел од нив ќе се одело со присилна наплата.

**Игор Стојаноски**-Информира дека тука неможело да се смени ништо, но тој ќе биде против тоа. Истакна дека тука имало фирми кои имале долг од 2018,20 година, зошто општината ги отпишува после 5 години. Поажурно требало да се притиснат фирмите да плаќаат фирмарина. Тој редовно си ја плаќал фирмарината.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина), за субјекти избришани од евиденција на Централен регистар и истата се усвои со 12 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ . 7 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2025-2026 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево

**Бурим Кадриу-** Информира дека според Програмата на ЛЕР фирмите кои се субвенционирани од општината, со уредба за реализација е предвидено да им се олесни плаќањето на фирмарина. За 2025 г. се работело за 28 фирми со вредност од 155.000 денари.

**Даниела Попоска** – Информира дека верува дека тоа било помош за фирмите, но потребно било да се измени нешто за да почнат тие да плаќаат данок за да се полни буџетот на општината.

**Бурим Кадриу**- Информира дека така е предвидено за да се стимулираат тие фирми, со цел да отворат нови работни места. Истакна дека во иднина може да се предвиди тоа со разговор на тие кои се засегнати.

**Даниела Попоска**- Информира дека лично била вклучена во тоа и дека во Центарот таа ги работела тие мерки и кај нив не биле ослободени. Придонесите течеле и требало да стои обврска за да плаќаат фирмарина.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2025-2026 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**5. ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2024-2025 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево

**Бурим Кадриу**- Информира дека тие фирми биле ослободени за 2 години и се работело за 22 фирми и вредност од 220.000 денари.

**Претседателот на советот**- Праша колку бил грејс периодот.

**Бурим Кдриу**- Информира дека ако повикот бил 2023 г., фирмите ќе бидат ослободени за 2024 и 2025 г.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2024-2025 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2023-2024 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево

**Бурим Кадриу**- Информира дека овде се работело за една година порано, бидејќи истата не била донесена предходната година.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на отпис за комунална такса (фирмарина) за 2023-2024 година на фирми добитници на грант од Општина Кичево истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на траен отпис на данок на имот на физички и правни лица

**Бурим Кадриу**-Информира дека општинскта даночна администрација констатирала дека кај 117 лица данокот им е исплатен со грешка. Се работело за вредност од 1 милион денари. Тој данок требало да се отпише.

**Валбона Адили Емини-** Праша дали може по грешка тоа да се направи за толку лица.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во Општина Кичево имало лица кои немале имот, но биле задолжени според податоците, тој имот може да бил наследен. Од 2006 год. даноците биле поминати во надлежност на општината. Кога се видело дака се оданочени и врз основа на постојните податоци и имотните листови од катастарот се констатирало дека тие плус се оданочени и затоа сега се ослободуваат, бидејќи долгот се дуплирал. Грешки имало и од страна на администрацијата во врска со дуплирањето на површините. Па затоа им се излегува во пресретна граѓаните и се корегира грешката.

**Валбона Адили Емини-** Праша дали за тоа имало жалба од граѓаните или пак тоа е констатирано од страна на комисија или сами го увиделе тоа.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во општината имало 20 илјади даночни обврзници и тие неможеле сите да ги детектираат, за тоа имало жалби од граѓаните и затоа се ослибодуваат од данокот.

**Игор Стојаноски** – Информира дека листата која им била доставена на советниците со материјалите, покрај името и презимето на даночните обврзници го имало и нивниот матичен број. Побара тие податоци да не се објавуваат на сајтот на општината и граѓаните се заштитат согласно Законот за заштита на податоците.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на траен отпис на данок на имот на физички и правни лица и таа се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**8.ОСМА ТОЧКА**: Усвојување на годишниот извештај за реализација на Програма за развој на Југозападен плански регион и Годишните сметки за 2024 г

**Директорот на Југозападниот плански регион-** Информира дека податоците се прикажани табеларни и нормативно. Предвидени биле 53

проекти од кои 50 се реализирани. Центарот за развој редовно на ВЕБ страната ги објавувал резултатите. Имале три сметки. Спровеле 26 јавни набавки. Потоа, детално ја образложи точката.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за реализација на Програма за развој на Југозападен плански регион и Годишните сметки за 2024 г и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за плаќање за котизација

**Валдет Селими-** - Информира дека веќе 4 години излегуваат пред советниците со таква Одлука. Се работело за плаќање на котизација на спортските клубови „Влазними“, „Напредок“ и „Зајази“ по 75 иљади денари.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за плаќање за котизација и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог измена на Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ „Кузман Јосифоски Питу“ Кичево.

**ВД.Директорот**- Инвормира дека Предлог измената на годишниот план за вработување им е испратена, а изментa била поради тоа што една хигиеничарка заминала во пензија искористувајќи го правото на семејна пензија. Ги повика советниците да ја усвојат измената за да можат непрекинато да работат.

**Тефик Лутвиу**- Праша дали Планот до советниците е испратен само на македонски јазик или и на албански.

**ВД.Директорот**- Информира дека тој е испратен како и предходниот План.

**Тефик Лутвиу**- Информира дека тој тогаш бил испратен и на македонски и на албански јазик, а сега само на македонски.

**Претседателот на советот**- Истакна тоа да се корегира и тој да се испрати и на албански јазик.

**ВД.Директорот**- Информира дека ако таква била процедурата, ќе го испрателе и на албански јазик.

**Валдет Селими**- Информира дека материјалите треба да се праќаат двојазично.

**Претседателот на советот**- Информира доколку материјалите не се пратени двојазично од следен пат општинската администрација да не ги прима. Праша дали тие можат да се испратат по седницата, поради временските рокови.

**Валдет Селими**- Информира дека општинската адмонистација ги прима и прифаќа сите доставени документи, а советниците ќе одлучат дали ќе ги прифатат или не.

**Рамазан Зулбеари**- Праша како можел да не знае директорот дека требало да се достават и на албански јазик и побара тие да се достават и на албански.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот ако плановите се доставени на еден јазик да се оставаат да се разгледуваат за следната седница и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. ПРОТИВ(нема) и 10 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Извештај за работа за 2024 г. на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорот**-Информира дека Извештајот е доставен и доколку некој сака да праша нешто за него, таа е тука да одговори.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за работа за 2024 г. на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за давање на согласност на прочистерн текст на Статут на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорот**- Информира дека измената е направена, направен е прочистен текст на Статутот и за тоа сега требало да се донесе Одлука од Советот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на согласност на прочистерн текст на Статут на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог измена и дополна на Годишен план за вработување за 2025 година на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорот-** Информира дека Плановите лани се испраќале по стар образец, а сега добиле допис да се направи препис на тој образец кој бил само на Македонски јазик. Таква била насоката од Министерството за Јавна администрација. Порано образците биле двојазични.

**Претседателот на советот** информира дека донеле Одлука сите документи да доаѓаат двојазично и тој ќе останел за следната седница, бидејќи е испаратен само на македонски, а не и на албански јазик.

**Анто Трајаноски-** Побара пауза од 5 минути за да се разгледа кои од Годишните програми се еднојазично испратени.

По паузата седницата продолжи.

**Претседателот на советот** информира дека ОСУ „Дрита“ и ОСУ„Мирко Милески Годишните планови треба да ги доставуваат до Градоначалникот, а не до Советот. Така 14 точка од дневниот ред не се разгледа и се премина на:

**15. ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ОУ „Д-Р Владимир Полежиноски“ Кичево

**Директорот-** Информира дека планот е доставен двојазично и во него се предвидени 5 нови вработувања.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Годишниот план за вработување за 2026 г. во ОУ „Д-Р Владимир Полежиноски“ Кичево и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ОУ „Санде Штерјоски“ Кичево.

**Директорот-** Информира дека планот бил доставен двојазично и писмено и електронски.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Годишниот план за вработување за 2026 г. во ОУ „ Санде Штерјоски“ Кичево и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**17.СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ЦОУ „Наим Фрашери“ Јагол Доленци

**Директорот**- Информира дека планот е испратен и писмено и електронски , двојазично.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Годишниот план за вработување за 2026 г. во ЦОУ „Наим Фрашери“ Јагол Доленци и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**18. ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ОУ „Фаик Коница“ Грешница

**Директорот**- Информира дека планот е испратен и писмено и електронски , двојазично и доколку имаат нешто да прашаат ќе одговори.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Годишниот план за вработување за 2026 г. во ОУ „Фаик Коница“ Грешница и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**19.ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ЦОУ „Реџо Рушит Зајази“ Зајас

**Директорот**- Информира дека планот е испратен и писмено и електронски.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Годишниот план за вработување за 2026 г. во ЦОУ „Реџо Рушит Зајази“ Зајас и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**20.ДВАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ООУ „Христо Узунов“ Другово

**Директорот**- Информира дека планот е доставен и тој е за стари и нови финансирања.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Годишниот план за вработување за 2026 г. во ООУ „Христо Узунов“ Другово и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**21. ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Предлог Решение за именување на членови во училишниот одбор на ОУ „Ѓерг Кастриоти Скендербег“ Србица

**Валдет Селими-** Информира дека тоа било на барање на Директорот на училиштето, бидејќи на член на училишниот одбор му истекол мандатот. Се предлага Лаурент Ќерими.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Решението за именување на членови во училишниот одбор на ОУ „Ѓерг Кастриоти Скендербег" Србица и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**22. ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Заклучок за давање на позитивно мислење на Програмата за ученички екскурзии, настава во природа, зимски и летни школи на ЦОУ„Кузман Јосифоски Питу" Кичево.

**ВД. Директорот-** Информира дека Програмата е изработена врз основа на Правилникот за изведување на екскурзии.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Заклучокот за давање на позитивно мислење на Програмата за ученички екскурзии, настава во природа, зимски и летни школи на ЦОУ„Кузман Јосифоски Питу" Кичево и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Советничката Валентина Лазаревска беше изземена од гласање бидејќи е вработена во тоа училиште.

**ВД. Директорот на училиштето** информира дека во меѓувреме испратил превод за 10-та точка од дневниот ред и праша дали и таа може да се разгледа.

**Претседателот на советот** ја стави повторно на разгледување 10-та точка, бидејќи таа беше преведена и испратена до сите советници.

**10 . ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог измена на Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ „Кузман Јосифоски Питу" Кичево

**Тефик Лутвиу-** Информира дека тие не биле против, бидејќи тоа е во интерес на учениците и училиштето. Го поздрави директорот и истакна дека се работело за 10 минути за да Програмата се преведе.

**ВД.Директорот-** Информира дека успеал да се снајде за да се преведе Програмата и истата се достави до советниците. Предложи таа да се усвои.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог измената на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЦОУ „Кузман

Јосифоски Питу“ Кичево и истата се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Советничката Валентина Лазаревска беше изземена од гласање бидејќи е вработена во тоа училиште.

Потоа, бидејќи беа преведени и доставени до советниците и матријалите од 13 точка од дневниот ред, претседателот на советот отвори дискусија повторно по:

**13.ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Предлог измена и дополна на Годишен план за вработување за 2025 година на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорката-** Информира дека успеале материјалите да ги преведат во најкус можен рок и смета дека тоа ќе се прифати и усвои Програмата.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог измената и дополна на Годишниот план за вработување за 2025 година на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ Кичево и истата се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Бидејќи, не беше пристигнат преставникот на дваесет и третата точка се премина на:

**24. ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА:** Предлог Локална стратегија за млади на Општина Кичево 2025-2029 г.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Локалната стратегија за млади на Општина Кичево 2025-2029 г. и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**25.ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 19 и ГП 20 од ДУП за „Девеана“, УЕ „Д“, Блок „Д7„-дел, Општина Кичево

**Фисник Фејза-** Информира дека се работи за парцелизација на 2 парцели во населбата „Девеана“. Во изводот се гледало дека се врши измена и од 2 се правеле 3 парцели, без никакво нивно зголемување, измената била во низа.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 19 и ГП

20 од ДУП за „Девеана“, УЕ „Д“, Блок „Д7„-дел, Општина Кичево и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**26.ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2026 г. во ООУ „Милто Гура“ Стрелци

**Директорот-** Информира дека планот е подготвен од училиштето и доставен до советиците да се усвои.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Годишниот план за вработување за 2026 г. во ООУ „Милто Гура“ Стрелци и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**27.ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА:** Предлог Правилник за доделување на потврда/ваучер за купување и вградување високоефикасни клима уреди во домаќинствата за 2025 година

**Емилија Петкоска-** Информира дека оваа година Правилникот се носи порано и во него се пропишува постапката за доделување на ваучери. Истакна дека годинава ќе се доделат 200 ваучери и постапката била иста какао и минатата година.

**Претседателот на совет-** Праша кога ќе биде објавен Јавниот оглас за ваучерите. Истакна огласот да не биде за време на викенд, бидејќи за тоа имало забелешка.

**Емилија Петкоска-** Информира дека огласот ќе биде во скоро време. Истакна дека минатиот пат бил објавен во петок за да можат навреме да ја заверат Изјавата на нотар, тие кои ќе учествуваат на огласот. Информира дека ќе имале во предвид тој да не биде за време на викенд.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Правилникот за доделување на потврда/ваучер за купување и вградување високоефикасни клима уреди во домаќинствата за 2025 година и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на:

**23. ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на согласност за поднесеување на Предлог за експропријација (за КПбр.4989/2, дел од КП бр.4991/5 и дел од КП бр.4996/5 и Предлог за одземање на кориснички права (на дел од КП бр.4988/7) сите за КО Кичево 9

**Сабедин Емини**- Се извини поради доцнењето, бидејќи бил на терен. Информира дека овде се работело на отварање на улица во населбата Раштани. Таму постојано се градело, а тоа било потребно и е во интерес на граѓаните и општинта.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на согласност за поднесеување на Предлог за експропријација (за КПбр.4989/2, дел од КП бр.4991/5 и дел од КП бр.4996/5 и Предлог за одземање на кориснички права (на дел од КП бр.4988/7) сите за КО Кичево 9 и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**28.ДВАЕСЕТ И ОСМА**: Разно

**1.Претседателот на советот** го прочита **Брањето од ОСУ„Мирко Милески" и ДПТУ „Атва комерц ДООЕЛ Кичево** за продолжување на работното време поради организирање на специјален настан Матурска прослава на учениците од ОСУ„Мирко Милески"Кичево за настанот да почне во 20 часот на 16.05.2025 г., а да заврши во 3 часот на 17.05.2025 г.

**Претседателот на советот**-Информриа дека советот не е надлежен да одлучуваат за тоа.

**Валдет Селими**- Информриа дека согласно законот, нигде немало одредба за да се продолжи работното време за тоа. Според Законот за угостителска дејност немало повеќе продолжување на работното време. За матурите немало законска рамка за да се одговори.

**Миѓен Зендели**-Праша дали воопшто има законска основа за тоа, а не поединачно и праша кога е изменет законот.

**Валдет Селими**- Информира дека работното време можело да се продолжи во летниот период и тоа за 1-2 часа само на објекти за брза храна, а не и за други објекти.

**Миѓен Зендели**- Информира дека прашал професионално, а не да се заткриваат зад случајот во Кочани, бидејќи било грешка тоа да се користи заради семејставата на загинатите.

**Валдет Селими**- Информира дека се потрудиле но ненашле основ за да се продолжи работното време. Истакна до колку сакаат можат да го продолжат, но тие ќе бидат одговорни ако се случи нешто.

**Иванчо Божиноски**- Сподели немил пример од минатогодишната прослава на матурската вечер и истакна дека е подобро децата да бидат под контрола во ресторанот, отколку надвор од него.

**Денуше Далипи**- Информира дека за тоа нема законски основ и предложи забавата да почне порано и да трае на пр. од 18 часот до 24 часот. Истакна дека правилата треба да бидат за сите.

**Миѓен Зендели**- Побара да се одлучи за тоа професионално.

**Претседателот на советот**- Информира дека за тоа немало законска основа за давање на позитивно или негативно мислење.

**2. Барање од с. Козица** за поплочување со бекатон плочки на патот до црквата Св. Петка -380м2, поплочување на селска улица-290м2, изградба на заштитен зид на пристапен пат-160 м2 и црево со димензија Ф-63 во должина од 1000 метри за приклучување на нов извор на водоводната мрежа.

**Претседателот на советот**- Информира барањето да се препрати до Секторот за комунални дејности.

**3. Молба од црковниот одбор од с. Јудово** за бекатон плочки за поплочување на патеката и дворот на црквата Св. Атанасиј Велики-300м2

**Претседателот на советот**- Информира да се достави до Градоначалникот.

**Валентина Лазаревска**- Праша до каде е барањето доставено од пензионерите на 40 седница на советот за бекатон плочки и санитарни чворови, за кое немале добиено одговор.

**Секретарот на општината**- Информира дека тоа не било предвидено.

**Валентина Лазаревска**- Побара да им се одговори за да знаат.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 13 часот и 15 минути.

Записничар Совет на општина Кичево

Ленче Србиноска Скендер Џабири